# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 14 | Петок, 15 јули 2011 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| **248.** | **Одлука** за преземање на Работнички универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица ............................................ | 1 |
| **249.** | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7010 КО Струмица ...................... | 2 |
| **250.** | **Програма** за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2011 година .......... | 3 |
| **251.** | **Програма** за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2012 година | 4 |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за преземање на Работнички универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица

Се објавува Одлуката за преземање на Работнички универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.07.2011 година.

| Бр. 08-4197/2 | Градоначалник |
|---|---|
| 14.07.2011 год. | на општина Струмица |
| С т р у м и ц а | Зоран Заев с.р. |

.............................

**248.**

Врз основа на член 21 и 22 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Сл. весник на РМ“ бр. 36/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.07.2011 година, донесе

**О д л у к а**
**за преземање на Работнички универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Струмица ги презема основачките права, објектите, опремата и инвентарот на Работничкиот универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица .

Член 2

Со преземањето на основачките права од страна на Општина Струмица, Работничкиот универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица, се трансформира во Локална јавна образовна установа „Отворен граѓански универзитет за доживотно учење“ во која се врши јавна услуга како дејност од областа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стучно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) како и неформално образование на младите и возрасните лица насочено кон оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој.

Член 3

Објектите, опремата, инвентарот, архивската документација, средствата за работа и другите права и обврски, се пренесуваат во сопственост на Општина Струмица, а преминуваат во управување на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“ .

Член 4

Вработените во Работнички универзитет „Јоска Свештарот“ Струмица, ја продолжуваат својата работа во „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“.

Член 5

Средствата за финансирање на „Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење“ се обезбедуваат од сопствени приходи за извршени услуги, од основачот, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и други извори.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила по примањето на објектите и имотот на РУ „Јоска Свештарот“ – Струмица, од Владата на Република Македонија, во сопственост на Општина Струмица, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-4197/1 Совет на општина Струмица
14.07.2011 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7010 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП бр. 7010 КО Струмица , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.07.2011 година.

Бр. 08-4199/2 Градоначалник
14.07.2011 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**249.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл. весник на РМ“ бр. 23/11), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичката планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/11) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 14.07.2011 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на КП 7010 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура за бесправниот стопански објект во висина ПР+Пк (приземје и поткровје), кој се наоѓа на КП бр. 7010 КО Струмица, со право на користење на лицето Митева Ленче од Струмица

.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за услогласување на намената на градежно земјиште за КП 7010 КО Струмица („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 13/11) .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 07-4199/1 Совет на општина Струмица
14.07.2011 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2011 година

Се објавува Програмата за дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2011 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.07.2011 година.

Бр. 08-4198/2 Градоначалник
14.07.2011 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................................

**250.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 14.07.2011 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2011 година**

1. Во Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на општина Струмица за 2011 година („Сл. гласник на општина Струмица” 21/10) и Програма за дополнување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2011 година („Сл. гласник на општина Струмица” 9/11 и 13/11) се врши следното дополнување:

Во глава:
**IV-Локална урбанистичка планска документација вон населено место**
По реден број 9 да се додадат три нови редни броеви и тоа:

| **р.б** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 10. | КО Струмица КП бр. 7931 | самофинансирање |
| 11. | КО Струмица КП бр. 7752 | самофинансирање |
| 12. | КО Струмица КП бр. 7747 | самофинансирање |

Во глава
**V. Детални урбанистички планови за една парцела**
По реден број 10 се додава нов реден број и тоа:

| **р.б.** | **Објект** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 11. | КО Струмица КП бр. 1863 | самофинасирање |

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-4198/1 Совет на општина Струмица
14.07.2011 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2012 година

1. Се објавува Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2012 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 14.07.2011 година.

Бр. 08-4200/2 Градоначалник
14.07.2011 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**251.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (" Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 14.07.2011 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал во 2012 година**

Струмичкиот карневал е културна манифестација која е директно поврзана со верскиот празник „Тримери" односно со празникот Прочка, единствена од таков вид во Република Македонија, посветена на армасаните девојки. Бидејќи овие празници се поврзани со големиот христјански празник Велигден, кој ја менува датата, и времето на реализирањето на карневалските активности се менува. Главната карневалска вечер од секогаш се одржуваше во вторник после Прочка, како продолжение на традицијата на маскирање и одење во куќите на армасаните девојки.

Но годинава на иницијатива на Младинскиот совет и МПЦ – Епархија Струмичка беше покрената иницијатива за промена на датумот на одржување на Струмичкиот карневал со опширна елаборација која во најкратки црти може да се сведе на следните аргументи.

- Неприфатливо е одржувањето на традиционалната манифестација во време на почетокот на големиот Велигденски пост посебно не во време на најстрогиот пост во првите три дена или т.н. „Тримери";
- Со се поголемиот замав на Струмичкиот карневал, главната Интернационална карневалска вечер го засени традиционалниот обичај за одење на маскираните во домовите на армасаните девојки;
- Времето на одржување кон крајот на февруари или почетокот на март е скоро секогаш студено и нестабилно и го намалува интересот на потенцијалните посетители на карневалот со што се намалува економскиот ефект од манифестацијата;
- Одржувањето на карневалот во работен ден оневозможува многу потенцијални групи од државата да учествуваат на карневалот;
- Одржувањето на карневалот во работен ден допринесува за нарушување на ритамот на школување, се губат часови, се оди на часови наредниот ден по непроспиена ноќ и сл.

По одржаната јавна расправа и опширно изнесување на аргументите за и против, Одборот за организација на Струмичкиот карневал составен од 9 лица, кој се грижи за подготовка и реализација на сите активности во рамките на карневалот, именуван од Советот на Општина Струмица и најповикан да го донесе конечниот предлог во врска со иницијативата на Младинскиот совет до Советот на општина Струмица како негов основач, сериозно пристапи кон иницијативата и го констатира следното:

1. Неприфатлива е идејата карневалот да се оддели од вековната традиција „Тримерите" со што ќе ги изгуби корените и силата која го храни и одржува со векови а Струмица ќе го изгуби брендот, оригиналната манифестација единствена од таков вид во светот и ќе се претопи во плеадата новокомпонирани карневали кои ќе траат додека трае модата и интересот за нивно одржување;
2. Неприфатлив е аргументот дека одржувањето на карневалот во зимскиот период поради студеното време го намалува интересот бидејќи сите традиционални карневали кои држат до себе се одржуваат во периодот пред велигденскиот пост, а неговото одржување во некој друг временски период не е никаква гаранција дека ќе се има убаво време, бидејќи поучени од нашето дваесет годишно искуство знаеме дека многу карневали кои се одржуваат во пролетните и летните месеци беа откажувани поради поројните дождови и невремето;
3. Прифатлив е аргументот дека одржувањето на главната карневалска вечер во време на најстрогиот пост, со сета нејзина грандиозност и забавите кои се одржуваат не е најприкладно од

аспект на верниците . Ако се земе во предвид дека и самиот збор карневал доаѓа од латинските зборови **царне** и **вали** односно **месо збогум** или **збогум месо** јасно е дека е прифатливо истиот да се оджи пред почетокот на постот;

4. Прифатлив е и аргументот дека одржувањето на главната карневалска вечер во работен ден го намалува и бројот на учесниците и бројот на посетителите и дека влијае на нормалниот тек на наставата;
5. И од организационен аспект викендот е поприфатлив како термин за одржување на Главната интернационална карневалска вечер.

Имајќи ги во предвид овие констатации на Одборот за организација на Струмичкиот карневал во врска со иницијативата на Младинскиот совет се прифаќаат следните заклучоци:

1. Неприфатливо е оделувањето на Струмичкиот карневал од вековната традиција, празникот на армасаните девојки „Тримери“;
2. Главната Интернационална карне-валска вечер да се помести пред почетокот на големиот Велигденски пост;
3. Зачувувањето на вековната традиција да се обезбеди со симболична прошетка на карневалски групи по струмичкото корзо и засилено обновување на традицијата со посета на домовите на армасаните девојки во вторникот навечер.

Карневалските активности во рамките на Струмичкиот карневал 2012 ќе се реализираат од 23 - 29 февруари 2012 година а во рамките на истите ќе останат вклучени и традиционалните пропратни активности така да Програмата за Струмичкиот карневал 2012 би била следната:

| | |
|---|---|
| 23.02. 2012 год. (четврток): | - Објавување на резултатите од конкурсот за најдобри остварувања на тема карневал ЛУБ „Благој Мучето“ – Струмица;<br>- Концерт под маски на музичкото училиште „Боро Џони“ - Центар за култура – Струмица. |
| 24.02. 2012 год. (петок): | -Свечено отварање на Струмичкиот карневал - 2012, со маскенбал и со избор на принц и принцеза на карневалот |
| 25.02. 2012 год.(сабота): | - Интернационална карневалска поворка – булевар „Маршал Тито“ Струмица- Целовечерна карневалска забава |
| 26.02. 2012 год. (недела): | - Традиционален Детски карневал по повод ″Прочка″, по ул. „Благој Мучето“ и плоштад „Гоце Делчев“ Струмица |
| 27.02. 2012 год. (понеделник): | Традиционална програма по повод чист понеделник, варење на бел грав;<br>-Отварање изложба на карикатури од наградниот конкурс на карикатура на тема карневал;<br>-Доделување награди на наградниот конкурс за афоризми на тема карневал. |
| 28.02. 2012 год. (вторник): | Струмички карневал:<br>-Традиционално карневалско корзо со посета на домовите на армасаните;<br>-Доделување на наградите од Интернационалната карневалска вечер |
| 30.02. 2012 год. (среда): | Одбележување на тримерските обичаи |

Вака променетата програма и зголемениот број на денови дава можност предвидените активности да се реализираат во порелаксирачка атмосфера и да се планираат и дополнителни активности како што е Изложбата на фотографии од претходниот карневал за која треба да се изнајде најадекватна форма за реализација и Изложбата на отворено од сите претходни карневали бидејќи истата се покажа како полн погодок и допринесува како за реклама и стварање амбиент во градот, така и за потсетување на најуспешните маски во изминативе 20 години.

И годинава ќе се настојува да се реализира акцијата за уредување на излозите во карневалски дух,

Концертот под маски, кој предизвика големо внимание минатава година, со новата програма ќе добие можност со него да отпочнат карневалските денови без ограничување на времето и пресијата да се најде доволно време за сите настани.

И годинава ќе се направи напор за продолжување на веќе воспоставената квалитетна содржина на Струмичкиот карневал, претставување на некој од светски познатите карневали. Истата ќе се реализира преку изготвувањето на посебни панаоа за поставување на изложбата на отворено со што ќе ја видат повеќе граѓани. Ќе се настојува да се обезбеди и соодветна карневалска група од истиот карневал. Во тек се преговори со Арлон од Белгија за нивно учество на Струмичкиот карневал. Во колку во тоа не се успее ќе се бара соодветна алтернативе.

Изградбата на плоштадот отвори нови можности за нови пратечки повеќе дневни содржини како концерти, фејспејтинг, настап на разни артисти, акробати и сл. кои беа обезбедени минатата година во последен момент така да Одборот ќе се погрижи да обезбеди такви содржини и годинава во поголем обем и квалитет.

Ќе се направат напори детскиот карневал да добие нова организациона форма со овие збогатени содржини.

Со изградбата на паркинг просторот под новиот плоштад се отворија можности да се организира одамна посакуваната завршница на Струмичкиот карневал на која ќе се соберат сите учесници и посетители на карневалот, средба која е повеќегодишна желба на сите учесници на карневалот. Минатогодишното премиерно издание на т.н. „гаража парти“ ги надмина очекувањата така да годинава се планира да се искористи истатат за побогата програма. Со организирањето на овие активности покрај збогатувањето на програмата ќе се отвори и можност за остварување одреден приход кој би требало да покрие дел од трошоците на карневалот.

Вклучувањето на карневалски групи од други држави е трајна определба. Странските групи покрај тоа што го збогатуваат карневалот и квантитативно и квалитативно, му даваат и интернационален карактер, а со тоа и многу поголема афирмација не само на карневалот туку и на Струмица како град.

За карневалот 2012 ќе се обезбеди учеството на странски групи од градовите со кои веќе имаме традиционална соработка од Албанија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Хрватска и Словенија. Ќе се направи посебен напор за повторно доаѓање на група од Финска за што веќе се направени начелни разговори. Се прават посебни напори и за обезбедување група од Белгија, поточно за воспоставување соработка со група од градот Арлон. Ќе бидат поканети и карневалски групи од Романија и Турција кои минатата година за прв пат учествуваа на Струмичкиот карневал.

Како што е познато во карневалската поворка секоја година учествуваат и карневалски групи од повеќе градови од Републиката. Истите ќе бидат поканети и годинава со таа разлика што и годинава ќе бидат напоменати дека доколку маската не е квалитетна можно е да се донесе одлука да не се дозволи нивно учество во поворката.

Досегашното искуство покажа дека маскираните групи од Струмица и струмичко се вклучуваат со се поквалитетни маски благодарение на соработката со Одборот, така да овие контакти ќе продолжат и годинава. Ова посебно се однесува на соработката со училиштата од каде доаѓаат најмасовните маски.

Покрај за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал Одборот за организација се грижи и за учеството на наши карневалски групи на карневалите во други градови во Македонија и други држави што допринесува за дополнителна афирмација на Струмичкиот карневал во земјата и странство. Од овие причини работата на Одборот за организација се одвива практично во текот на целата година а подготовката за наредниот карневал започнува непосредно по завршувањето на претходниот.

Согласно одредбите на правилникот и традицијата во рамките на Струмичкиот карневал 2012 година ќе се реализираат следните активности:

Детскиот карневал ќе има ревијален карактер и нема да се наградуваат најуспешни маски.

Вклучувањето на маските во главната карневалска вечер има натпреварувачки карактер. Маскираните групи кои доаѓаат од други земји се вклучуваат во поворката вон конкуренција за награди.

Сите изминати години мото на Одборот за организација на Струмичкиот карневал беше дека секој нареден карневал треба да биде помасовен и поквалитетен од претходниот. За да го стимулира оваа начело, Организациониот одбор и годинава планира да додели повеќе стимулативни награди за групите кои ќе ги исполнат високите критериуми кои ќе бидат поставени како императив за учество на Струмичкиот карневал.

Маските вклучени во конкуренција во главната карневалска вечер се натпреваруваат во осум категории:

- категорија А: Групна маска со 50 и повеќе лица;
- категорија Б: Групна маска со 20 до 49 лица;
- категорија В: Групна маска со 10 до 19 лица;
- категорија Г: Мала група - изворна тема;
- категорија Д: Мала група - слободна тема;
- категорија Ѓ: Поединечна маска - изворна тема;
- категорија Е: Поединечна маска - слободна тема; и
- категорија Ж: Маскирана музичка група.

Согласно Правилникот за организација на Струмичкиот карневал во секоја категорија можат да се поделат по три награди: прва, втора и трета во износ:

- категорија А: 800 Евра, 700 Евра и 600 Евра;
- категорија Б: 500 Евра, 400 Евра и 300 Евра;
- категорија В: 350 Евра, 250 Евра и 150 Евра;
- категорија Г: 150 Евра, 100 Евра и 75 Евра;
- категорија Д: 150 Евра, 100 Евра и 75 Евра;
- категорија Ѓ: 100 Евра, 75 Евра и 50 Евра;
- категорија Е: 100 Евра, 75 Евра и 50 Евра;
- категорија Ж: 100 Евра, 75 Евра и 50 Евра.

Вкупниот награден фонд изнесува 5.375 евра во нето износ, односно околу 340.000,00 во денарска противвредност, или околу 410.000,00 во бруто износ.

Организациониот Одбор доделува и една награда во износ од 6.000 денари на конкурсот за карикатура како и награди за најдобро уредени излози во карневалски дух од 3, 4 и 5.000 денари = 12.000 денари. Минатата година беше доделена и награда за најдобра фотографија од Изложбата на фотографии во висина од 6.000 денари.

Карневалот 2012 година ќе се одржува на веќе променета маршута условена од изградбата на новиот плоштад и успешно промовирана за време на одржувањето на карневалот 2011 година.

Потребно е само поголемо внимание да се посвети на изведбата на бинате и ВИП трибините, бидејќи минатата година покажа дека на овој дел е појачано дејството на ветерот, така да се предвидува поголема сума за бинате а ќе се разгледа и можноста за набавка на плински греалки за ВИП трибините. Исто така со промената на терминот на одржување се отвора можноста за порано отпочнување на поворката.

Следејќи ги сознанијата од организацијата на карневалските активности од претходните години и горе наведените нови активности на Одборот за организација на Струмичкиот карневал - 2012 се усвојува следниот финансиски план:

**Финансов план**
**за организација на Струмичкиот карневал 2012 г**

**<u>а) Расходи</u>**

| р.б. | Активности | износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Награди на главна карневалска вечер ...................... | 450.000 |
| 2. | Изработка на пропаганден материјал……................... | 120.000 |
| 3. | Озвучување на сите настани .................................. | 180.000 |
| 4. | Огномет ……………………………….................... | 160.000 |
| 5. | Детски карневал ..............……………………………..... | 150.000 |
| 6. | Градски оркестар и фанфари ………….............. | 30.000 |
| 7. | Трошоци за групи од странство со carnival partsy | 1.200.000 |
| 8. | Трошоци за групи од земјата ………….….…......... | 150.000 |
| 9. | Трошоци за гости од FECC ......................................... | 80.000 |
| 10. | Трошоци за маскенбал ………....…….….…........... | 50.000 |
| 11. | Уредување на траса………………….......................... | 100.000 |
| 12. | Монтажа и демонтажа на бини ................................... | 150.000 |
| 13. | Изработка на постери за изложба ............................. | 60.000 |
| 14. | Трошоци за чист понеделик ………………………….. | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Костимирање на царска свита ........................................ | 20.000 |
| 16. | Ангажман на водители .................................................... | 15.000 |
| 17. | Ангажман на домаќини за гостинските групи ................. | 15.000 |
| 18. | Ангажман на редари за поворката ................................ | 30.000 |
| 19. | Поставување на мобилни санитарии ............................. | 60.000 |
| 20. | Награда за карикатура ................................................... | 6.000 |
| 21. | Програма пред главна карневалска поворка ................ | 60.000 |
| 22. | Членарина за FECC ....................................................... | 20.000 |
| 23. | Одржување и ажурирање на веб сајт............................ | 20.000 |
| 24. | За учество на наши групи на други карневали .............. | 500.000 |
| 25. | Ангажман за обезбедување на манифестацијата ......... | 150.000 |
| 26. | Презентација на тримерски обичај................................. | 30.000 |
| 27. | Кирија за изнајмување на магацин ................................ | 80.000 |
| 28. | Набавка на плински грејни тела за трибини .................. | 100.000 |
| 29. | Расходи и материјални трошоци за Организационен одбор...................................................... | .100.000 |
| 30. | Непредвидени трошоци ................................................. | 50.000 |
| | **Вкупно:** | **4.192.000** |
| | **Стартен фонд за подготовка на Карневалот - 2012** | **200.000** |
| | **Се вкупно:** | **4.392.000** |

**Приходи:**

| **р.б.** | | **износ денари** |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на општина Струмица ............................ | 2.000.000 |
| 2. | Министерство за култура ................................ | 300.000 |
| 3. | Приход од спонзорства .................................... | 2.092.000 |
| | **В к у п н о:** | **4. 392.000** |

Напомена: Во финансовиот план не се предвидени средства за организација на пост карневалската забава, бидејќи за истата средствата би требало да се обезбедат од самата манифестација.

Имајќи ја во предвид финансиската криза и состојбата во стопанството Советот ја прифаќа оценката на Одборот дека овој буџет на карневалот, е тешко остварлив, посебно делот од Министерството за култура и спонзорствата и затоа Советот на општина Струмица при планирањето на Буџетот на општина Струмица за 2012 година ќе настојува да се вгради предвидената ставка за карневалот, а Одборот за организација и реализација на Струмичкиот карневал од своја страна, како и досега ќе треба да вложи максимални напори да ги реализира останатите две ставки за да се обезбедат потребните средства согласно Финасискиот план.

Бр.07-4200/1 Совет на општина Струмица
14.07.2010 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.